РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Бр.-Nr. 08 - 314/7

15. 07 2026 год.-viti

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 64 седница одржана на 12.06.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за акредитација на студиската програма „Архитектура и дизајн", прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС) на Факултет за градежништво и архитектура при Универзитет „Мајка Тереза" - Скопје

1. Се акредитира студиската програма „Архитектура и дизајн", прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС) на Факултет за градежништво и архитектура при Универзитет „Мајка Тереза" - Скопје, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 на ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и со академски назив: Дипломиран инженер архитект / во меѓународен промет, академски назив: Baccalaureus of Architecture.

Научно - истражувачко подрачје: 2 - Инженерство и технологија; Научно – истражувачко поле: 2.01 – Градежништво; Научно – истражувачка област: 2.01.02.01, 2.01.02.02, 2.01.02.03, 2.01.02.04, 2.01.02.05, 2.01.02.06, 2.01.02.07, 2.01.02.08.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 70 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По претходно донесената Одлука бр. 02-110/3 од 29.01.2026 година од страна на Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „ Архитектура и дизајн", прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС) на Факултет за градежништво и архитектура при Универзитет „Мајка Тереза" - Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.08-136/1 од 29.01.2026 година (наш бр. 08-314/1 30.01.2026 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 49-та седницата одржана на 13.02.2026 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08-314/6 од 16.06.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 91/2024). Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 65-та седница одржана на 19.06.2026 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Зоран Марков